Врз основа на одредбите од Статутот на Здружението, Собранието на Здружението ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ Штип, на ден --.--.2018 година, ја донесе следната

# ПОЛИТИКА
# за спречување на дејствија на измама и корупција

*Вовед*

1.1 ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ како здружение е посветено на промоција и запазување на највисоките стандарди на чесност и одговорност при употребата на своите финансии, зазема политика на нула-толеранција во однос на случаи на измама и корупција во извршувањето на своите активности и превзема конкретни чекори кон зајакнување на своите напори во таа област.

1.2 Со цел ефективно адресирање на измамата и корупцијата, ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ оддржува динамична рамка што кореспондира со нејзината оперативна и административна средина и притоа ги искористува поуките и добрите практики развиени во насока на идентификување, истрага и санкционирање на измамата и корупцијата.

1.3 За потребите на овој Правилник, под терминот „работници‟ ќе се сметаат: вработените, ангажираните лица, практиканитите и волонтерите на Здружението.

*Дел2*
*Цел*

2.1 Целта на овој документ е да ги опише напорите на ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ за утврдување на ставовите по однос на инциденти поврзани со измама и корупција.

2.2 Целта на овој документ е:

- подигнување на свеста за ризикот од измама и корупција;
- имплементирање и зајакнување на системите за контрола насочени кон превенција од измама и корупција;
- консолидирање на процедурите за идентификување, истрага и санкционирање на измамата и корупцијата, и
- обезбедување на конкретни и практични совети до вработените на ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ за идентификување на потенцијални ризични области и механизми за превенција и адресирање на ситуации на измама и корупција.

*Дел 3*
*Дефиниција и опсег*

3.1 Измама – Секое дејствие на чинење односно нечинење, вклучувајќи лажно прикажување или прикривање на материјален доказ, кој свесно односно несвесно води до заблуда, или било кој обид да се доведе до заблуда некој со цел стекнување на добивка, без разлика дали директно или индиректно, за себе или за трето лице.

3.2 Корупција – Понуда, давање, примање, или барање, директно односно индиректно, на се што има некаква вредност и може да влијае несоодветно на дејствијата на другата страна.

Оваа политика се применува на секое дејствие на измама односно корупција (постоечко, сомнително или во обид) кое ги вклучува Работниците,  членовите на Здружението, како и надворешните соработници и/или партнерите на проектите односно на Здружението.

*Дел 4*
*Политика на нула-толеранција*

4.1 ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ ќе применува политика на нула-толеранција во ситуации каде што е утврдено, по пат на истрага, дека нејзините Работници, членови на Здружението, надворешните соработници и/или партнерите на проектите, односно на Здружението, кои биле или се` дел од активности односно дејствија на измама и корупција.

*Дел 5*
*Ризици за измама и корупција*

5.1 Ризиците за измама и корупција може да се распределат во три категории:

- Ризици поврзани со работниот кадар;
- Структурални/физички ризици;
- Оперативни/финансиски ризици.

5.2 Дејствијата на измама и корупција можат да бидат извршени од луѓе од доверба во здружението, а како најчест мотив за тоа се смета финансиската добивка. Дејствијата на измама и корупција често се извршуваат и од страна на надворешни лица во соработка со вработените и често се појавуваат во ситуации на вонредна состојба или во моменти на големи промени во структурата на вработените на здружението.

*Дел 6*
*Превентивни мерки при адресирање на дејствија на измама и корупција*

6.1 Мрежа на политики и процедури во областите на менаџмент со човечки ресурси, финансиски менаџмент, склучување договори и вршење на јавни набавки, се специјално дизајнирани да го намалат ризикот од измама и корупција и да осигураат дека се почитуваат правата на вработените.

6.2 Дејствијата на измама и корупција можат значително да се минимизираат со:

- Воспоставување на добар пример од страна на повисокото раководство;
- Зајакнување на свеста за контрола над вработените во целост;
- Примена на политиките и процедурите на здружението.

*Работници*

6.3 Одговорноста на работниците кога се работи за превенција и идентификување на дејствија на измама и корупција, одат подалеку од само воздржување од извршување на активности поврзани со измама и корупција. Сите вработени имаат должност за пријавување на дејствија на недолично однесување, вклучувајќи измама и корупција, кога истите ќе ги забележат. Работниците имаат обврска да пријават потенцијално недолично однесување на вработен, на Проектниот координатор, член на Надзорниот одбор или на Претседателот на здружението.

*Проектни координатори*

6.4 Иако е обврска на секое лице на кое се однесува овој Правилник да асистира во борбата со измама и корупција, се очекува од проектните координатори да воспостават соодветни механизми за превенција од измама и корупција, и особено:

- да идентификуваат видови на ризици на кои одредени активности во нивниот домен се изложени;
- да ги оценат идентификуваните ризици, да одберат можности за избегнување на ризиците, да дизајнираат и имплементираат исплатливи мерки за превенција и механизми за контрола; и
- да воспостават/имплементираат мерки за превенција од повторување на такви дејствија.

6.5 Проектните координатори кои нема да успеат да преземат соодветни активности или кои директно односно индиректно толерираат, не преземаат мерки против несоодветните дејствија можат да се сметаат лично одговорни за истите.

*Дел 7*
*Пријава на можни дејствија на измама и корупција*

7.1 Претседателот на здружението е надлежен за примање на претставки односно информации за евентуално постоење на дејствија поврзани со измама и/или корупција извршени од страна на вработените во здружението.

*Дел 8*
*Доверливост и заштита против одмазда*

8.1 Информациите за идентитетот на секое лице или ентинтет кој ќе пријави евентуална активност на измама односно корупција ќе бидат од доверлив карактер.

8.2 Ниту едно дејствие не смее да се превземе против вработен или друго лице како резултат на одмазда поради пријавување на евентуална активност на измама односно корупција, или пак поради откривање на информации, или доколку соработува во активностите на идентификување на измама или корупција на ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ.

*Дел 9*
*Санкции*

9.1 Каде што е утврдено дека постои дејствије на измама односно корупција, последиците ќе бидат дизајнирани на тој начин што ќе го заштитат ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ од идни слични инциденти и соодветни мерки ќе бидат превземени против извршителот(ите).

*Вработени*

9.2 Надзорниот одбор ја има првичната одговорност за истрага при сомнеж за извршени дејствија на измама и коруцпија од страна на вработените, практикантите, волонтерите и другите лица ангажирани со договор, во здружението. Еднаш утврдени, дејствија на измама и корупција чинат сериозен престап, кои можат да резултираат со отстранување на вработен, практикант, волонтер и друго лице ангажирано со договор, и прекин на работниот однос. За лице кое не е вработено, откако ќе биде утврдено дека извршил дејствие на измама односно корупција, неговиот договор ќе биде прекинат. Против овие лица ќе се отпочне и соодветна кривична постапка.
Дополнително, вработен кој извршил дејствије на измама односно корупција може да биде пријавен и на одговорните државни органи, доколку истото тоа дејствие се смета за кривично дело.